Јавно претпријатие за комунална дејност "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 03-1371/1
17.08.2023 год.
Охрид

# Ј.П. "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" ОХРИД

Тел: 263-325 Факс: 261-416 E-mail : ohridkom@t.mk
Жиро сметка: 250-0001000731-68 Дан.бр.: МК 4020989101655
Депонент: Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје

Врз основа на Одлуката за давање согласност за задолжување со наменски кредит на ЈП Охридски Комуналец Охрид за набавка на специјални возила со арх.бр. 02-487/6 од 27.03.2023 година донесена од УО на ЈП Охридски Комуналец Охрид, Одлуката за давање согласност на Одлуката за задолжување со наменски кредит на ЈП Охридски Комуналец Охрид со арх.бр. 02-730/1 од 24.04.2023 година донесена од Совет на Општина Охрид, Одлука за издавање на гаранција за задолжување на ЈП Охридски Комуналец со арх.бр. 03-1005/1 од 31.05.2023 година донесена од Совет на Општина Охрид и Согласност за задолжување со арх.бр. 03-799/2 од 03.08.2023 година донесена од Министерство за финансии на РСМакедонија, ВД Директорот на ЈП Охридски Комуналец објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА
## ПРИБИРАЊЕ НА БАНКАРСКИ ПОНУДИ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА КОРИСТЕЊЕ НА НАМЕНСКИ КРЕДИТ

ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

ЈП Охридски Комуналец Охрид има потреба од обезбедување средства со наменски кредит во висина до 140.000 евра или 8.640.000,00 денари за Набавка на специјални возила за вршење на основната дејност претпријатието.

УСЛОВИ ЗА ИЗБИРАЊЕ НА НАЈПОВОЛНА БАНКАРСКА ПОНУДА

1. Секоја деловна банка со седиште на територијата на РСМакедонија може да достави понуда - услови за одобрување на наменски кредит за набавка на специјални возила во висина до 140.000 евра или 8.640.000,00 денари со рок на отплата на 6 години или 72 месечни рати.

2. Понудата треба да содржи податоци за деловната банка односно име (назив) на банката и адреса, како и:
- Годишна каматна стапка на вкупни трошоци (ефективна каматна стапка) за целото времетраење на отплатата на кредитот (да не надминува 6,5% годишно во сите години на отплата)
- Провизија за обработка на барањето за кредит
- Други трошоци во врска со бараниот вид на кредит
- Процент на учество во одобрување на кредитот

3. Во понудата задолжително да биде доставен амортизационен план.

4. Евалуација и избор на економски најповолна понуда ќе врши Комисија составена од три члена при ЈП Охридски Комуналец Охрид, а врз основа на горенаведените критериуми (услови), односно ќе се избере банката која понудила најповолни услови од оние наведени во точка 2од овој повик.

5. Понудите треба да бидат доставени до ЈП Охридски Комуналец Охрид преку препорачана пратка или лично во архивата на ЈП Охридски Комуналец на ул. Наум Охридски бб , Охрид, во затворен плик со назнака " Не отворај", најдоцна до 20.08.2023година.

6. ЈП Охридски Комуналец кредитот ќе го обезбеди со хипотека на недвижен имот.

ЈП"Охридски Комуналец"Охрид
ВД Директор,
м-р Сашо Најдески